**FOR IMMEDIATE RELEASE**
October 18, 2007
Press office: +389 (0)2 3115-244
Email: info@fulm.com.mk
www.fulm.com.mk

# СООПШТЕНИЕ ЗА МЕДИУМИ

## Одбележан интернационалниот ден на штедно кредитните унии

Повеќе од 172 милиони членови на 46.000 кредитни унии од целиот свет го прославија интернационалниот ден на штедно кредитни унии, 18 октомври 2007. Во чест на тој посебен ден, Штедилницата ФУЛМ со големо задоволство го награди 7000-от член одбележувајќи долгогодишен стабилен раст во развојот на кредитните унии во Македонија. Штедилница ФУЛМ основана со финансиска помош од Агенцијата за меѓународен развој на Соединетите Американски Држави (УСАИД) и со техничка помош од Светскиот Совет на Кредитни Унии (WOCCU) денес брои шест филијали, повеќе 7.000 штедачи и депозити во македонски денари чија вредност изнесува преку 151 милион денари.

На 18 октомври 2007 повеќе од 172 милиони членови, наши пријатели, во 97 земји во светот го прославија интернационалниот ден на штедно кредитни унии. Почнувајќи од 1948 година па наваму, интернационалниот ден на штедно кредитни унии се слави еднаш годишно, секој трети четврток во месец октомври.

*“Сите ние, богати или сиромашни се соочуваме со слични предизвици. Светот станува сѐ помал и помал. Заедно им помагаме на членовите од целиот свет да ги надминат предизвиците. Вистина е* ***ЗАЕДНО СМЕ ПОДОБРИ****. Ви благодариме што сте дел од нас”, беше пораката упатена до сите членови на Штедилница ФУЛМ.*

Интернационалниот ден на штедно кредитни унии се одбележа во секоја од филијалите на Штедилница ФУЛМ: Централата во Скопје, Филијала Муртино во Струмица, Филијала Полог во Тетово, Филијала ЈСП Автокоманда и Аеродром во Скопје, Филијала Тиквешија во Кавадарци и Филијала Битола во Битола. ФУЛМ им изрази благодарност на своите членови за поддршката и придонесот што тие го направија во изминатите години.
Членовите на ФУЛМ оддадоа едноминутно молчење по повод трагичната смрт на Тоше Проески.

## Белешка до уредниците

*Штедно кредитните унии се кооперативи кои обезбедуваат еднаков глас и финансиска сигурност за повеќе од 172 милиони членови во 97 земји во светот. Тие се поседувани и управувани од членовите, претставувајќи безбедно место за штедење и овозможувајќи лесен пристап до кредитни услуги. Штедно кредитните унии интернационално, се признаени како сила која се стреми кон позитивни економски и социјални промени и кои постигнаа голем успех кај сите нации. Тие се формирани врз база на принципот еден член/еден глас, овозможувајќи им ја на членовите можноста директно да ја искусат демократијата.*